Уп. Бр.08-22/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Командитното друштво со акции за транспорт ОИЛКО КДА – Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци, Илинден, Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од страна на Командитното друштво со акции за транспорт ОИЛКО КДА – Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци, Илинден, Република Северна Македонија над МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, со седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.4, Скопје, Република Северна Македонија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.01.2024 година, а дополнето на 31.01.2024, 01.02.2024, 05.02.2024 и 09.02.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Командитното друштво со акции за транспорт ОИЛКО КДА – Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци, Илинден, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Оилко), со која Оилко ќе стекне контрола над МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, со седиште на ул.

Св. Кирил и Методиј бр.4, Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Макпетрол).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

## 1. Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Оилко** е компанија со регистрирана основна дејност 49.41 - патен товарен транспорт. Оилко примарно работи на пазарот во Република Северна Македонија и поседува:

- Лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот патен сообраќај, со сериски број 010978, издадена на 16.10.2021 година, со важност до 16.10.2026 година.

- Лиценца за вршење на превоз во меѓународниот патен сообраќај, со сериски број 012128, издадена на 16.10.2021 година, со важност до 16.10.2026 година.

- Одобрение за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, со број 00038/2, издадено на 06.06.2022 година, со важност 16.06.2026 година.

XXX[1]

**Макпетрол** е компанија со регистрирана основна дејност 47.30 – трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Макпетрол примарно работи на пазарот во Република Северна Македонија.

Макпетрол има две претпријатија-ќерки во Република Северна Македонија:

- ПРОМ-ГАС ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.4, Скопје, Република Северна Македонија, со регистрирана активност 46.71 – трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи и

- ТЕЛМА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Никола Парапунов бр.51, Скопје, Република Северна Македонија, со регистрирана активност 60.20 – Дејности на телевизиската програма и емитување.

Макпетрол има и две зависни друштва надвор од Република Северна Македонија, и тоа:

- Макпетрол ДОО Белград со регистрирано седиште на бул. Михалја Пупина бр. 10 б, Белград, Република Србија со регистрирана дејност 4671 – Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи и

- Петролмак трговија со нафтени производи АД со седиште во општината Делта, Солун, Република Грција.

[1] XXX – Податоците претставуваат деловна тајна

## 2. Правна форма на концентрацијата

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, преку преземање на сите обични акции со право на глас издадени од Макпетрол, од страна на Оилко врз основа на постапка за задолжително преземање на обични акции со право на глас, издадени од ,,Макпетрол,, АД - Скопје, согласно членот 9 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/13, 188/13, 166/14, 154/15, 23/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), која е започната на ден 26.12.2023 година, со јавна објава на Известување за намера за давање на задолжителна понуда за преземање на сите обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје, согласно Законот за преземање на акционерските друштва.

## 3. Правен основ на концентрацијата

Правна основа на концентрацијата е:

Јавна објава на Известување за намера за давање на задолжителна понуда за преземање на сите обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје, согласно член 22 став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва, објавена во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/23).

## 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

XXX

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, за предметната концентрација постои обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

## 5. Релевантни пазари

### 5.1. Релевантен пазар на производ

Учесниците во концентрацијата се активни на различни релевантни пазари. Оилко е друштво кое работи во областа на патен товарен транспорт, додека Макпетрол е компанија активна во трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Во конкретната концентрација се работи за концентрација помеѓу претпријатија што работат на различни нивоа во синџирот на снабдување - вертикална концентрација.

- Оилко е трговско друштво организирано во форма на командитно друштво со акции согласно одредбите на Законот за трговките друштва и со регистрирана основна дејност 49.41 - патен товарен транспорт. Друштвото е основано на 28.12.2006 година, а отпочнало со работа на почетокот на 2007 година.

Од самото отпочнување со вршење на своите деловни активности па се до денес, Оилко во најголем дел врши дејност на патен транспорт на нафта и нафтени деривати и тоа светли нафтени деривати (бензин, дизел горива, млазно гориво и ЕЛ); темни нафтени деривати (мазут); компримиран природен гас (метан-CNG); темни нафтени деривати (течен нафтен гас - ТНГ). Транспортот на нафта и нафтени деривати, и тоа: транспорт од нафтени инсталации во странство до царински складови во Република Северна Македонија и транспорт од царински складови до бензиски станици и коминтетни во Република Северна Македонија, воглавно се користат од страна на Макпетрол, и овие услуги опфаќаат околу 99% од деловните активности на Оилко. Превозот за потребите на други субјекти, преставува незначителен дел од вкупните деловни активности на Оилко.

За целите на оценка на предметната концентрација, Комисијата го остава отворено прашањето дали постои единствен пазар за транспорт на нафта и нафтени деривати или истиот може понатаму да се сегментира во зависност од дериватот кој се транспортира (посебен пазар за превоз на моторни бензини и дизел горива, посебен пазар за превоз на ТНГ, посебен пазар за превоз на мазут и слично), бидејќи било која алтернативна дефиниција на релевантниот пазар нема да доведе до поинаква оценка на предметната концентрација.

- Макпетрол е компанија чија примарна активност е трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници а исто така врши и продажба и складирање на нафта и нафтени деривати, природен гас и останати стоки преку малопродажни и големопродажни продажни места. Согласно Годишниот извештај за работењето на Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни услуги на Република Северна Македонија во 2022 година, Макпетрол врши и увоз и извоз на нафтените деривати. Истиот ги обавува своите деловни активности примарно на пазарот во Република Северна Македонија.

Макпетрол во 2007 година изградил сопствена рафинерија за производство на биодизел, со што за прв пат на домашниот пазар го вовел биодизел горивото добиено од обновливо растително потекло (цедење на семе од маслодајна репка) со ознака Б100, односно чист биодизел. Произведениот чист биодизел, Макпетрол го намешува со дизел гориво добиено од фосилни извори во сооднос 6:94 и истото го продава исклучиво на малопродажните објекти на Макпетрол означено како ULTRA Diesel Bio Power.

За целите на оценка на предметната концентрација, Комисијата го остава отворено прашањето дали постои единствен пазар за трговија со различни типови на нафта и нафтени деривати или истиот може понатаму да се сегментира во зависност од дериватот кој се тргува (посебен пазар за трговија на моторни бензини, посебен пазар за трговија со дизел горива, посебен пазар за трговија со ТНГ, посебен пазар за трговија на мазут и слично), како и дали може да се дефинира посебен пазар на трговија на големо и посебен пазар на трговија на мало со наведените нафтени деривати, бидејќи било која алтернативна дефиниција на релевантниот пазар нема да доведе до поинаква оценка на предметната концентрација.

### 5.2. Релевантен географски пазар

Релевантниот географски пазар за потребите на предметната концентрација се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

## 6. Пазарни удели на релевантниот пазар

XXX

Согласно информациите објавени во_Годишниот Извештај на Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни услуги на Република на Северна Македонија за 2022 година, од вкупно увезените количини на нафта и нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2022 година, најмногу е увезено дизел гориво, односно 840.945 тони, потоа следуваат мазут - 219.515 тони, моторни бензини - 119.850 тони, ТНГ - 58.369 тони, млазно гориво - 54.473 тони, екстра лесното гориво - 28.444 тони и мала количина на увоз на биогориво.

Кога вкупните количини на увезени нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2022 година во износ од 1.321.597 тони, ќе се споредат со количините на нафта и нафтени деривати кои Оилко ги има превезено од увоз за потребите на своите клиенти Макпетрол и Рафинерија Окта АД Скопје во 2022 година, произлегува дека со вкупно превезените XXX на горива од увоз, Оилко превезол XXX од вкупните увезени количества на нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2022 година. За единствениот клиент на Оилко покрај Макпетрол (Рафинерија Окта АД – Скопје), Оилко во 2022 година превезол XXX и XXX. Споредено со вкупно увезените количини на овие нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2022 година (840.945 тони дизел и 58.369 тони течен нафтен гас – ТНГ), произлегува дека Оилко за потребите на  Рафинерија Окта АД – Скопје превезол XXX и XXX од вкупно увезените количини на овие деривати.

Покрај наведените превезени количини од увоз, во 2022 година Оилко превезол нафтени деривати во рамките на Република Северна Македонија, т.к.н. развоз на истата веќе превезена количина од увоз на нафтени деривати и тоа од складовите на нафтени деривати до малопродажните објекти (бензинските станици и други коминтенти). Овие услуги биле направени единствено за клиентот Макпетрол.  Цената за овие услуги т.е. транспортните услуги (надоместок за транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи) на територијата на Република Северна Македонија е регулирана од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

Останатите приходи на Оилко во 2022 година се остварени од меѓународен транспорт на деривати за странски субјекти, домашен транспорт на други добра (плински боци за течен нафтен гас – ТНГ) од Полнилницата за ТНГ на Макпетрол АД Скопје до малопродажните објекти – бензинските станици како и приходи од закупнини, капитална добивка, дивиденда, камати и курсни разлики.

Согласно Годишниот Извештај на Регулаторната Комисија за Енергетика и Водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година, состојбата на увоз, извоз и продажба на нафтени деривати е како што следи:

*-Вкупните увезени количества на нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2022 година изнесуваат 1.321.597 тони,. Најголем увозник е ОКТА Рафинерија на нафта АД, Скопје којашто учествува со 75,84%, , потоа следува Супертрејд Скопје со 8,52%, Лукоил Македонија ДООЕЛ - Скопје со 7,12%, ОМ Петрол Скопје со 2,13%, Црна Река Петрол со 1,83%, РКМ со 1,30% и останатите трговци со помалку од 5% учество во вкупниот увоз на нафтени деривати во 2022 година, каде што е* ***и Макпетрол со учество од 0,87%****.*

*-Извозот на нафтените деривати во 2022 година изнесува 288.723 тони. Најголем извозник на нафтени деривати во 2022 година е ОКТА Рафинерија на нафта АД Скопје со 82,55%,* ***Макпетрол АД Скопје со 9,02%****, ОМ Петрол ДООЕЛ Скопје со 4,52%, Супертрејд ДООЕЛ Скопје со 3,43%, и останатиот извоз од 0,48% е реализиран од страна на останатите трговци.*

*-Кај продажбата на нафтени деривати преку бензински станици од страна на трговците на големо во 2022 година,* ***Макпетрол има учество од 45,02%****, по што следуваат Лукоил со 14,93%, Супертрејд со 10,61%, Дади Оил со 11,31%, Црна Река Петрол со 7,11%, Пуцко Петрол со 3,36%, Детоил со 2,94%, Омпетрол со 2,38%, додека уделот на сите останати 18 трговци на големо кои имале продажби преку бензински станици изнесува 2,38%.*

*- Во Република Северна Македонија тековно работат околу 376 бензински пумпни станици. Макпетрол АД Скопје поседува најголем број на бензински станици и тоа 126. Потоа следуваат Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје со 35 бензински станици, ОКТА Бренд со 27 бензински станици, додека преостанатите околу 188 бензински станици се во сопственост на повеќе други домашни претпријатија. Дел од претпријатијата што поседуваат бензински станици, покрај основната дејност да продаваат горива на своите бензински станици, се јавуваат и како трговци на големо, односно дел од набавените течни горива не ги продаваат преку бензинските станици, туку ги продаваат директно на крајни потрошувачи.*

*-Во остварените продажби на нафтени деривати на крајни купувачи од страна на трговците на големо, најголем удел од 32,88% има РКМ, по што следат Окта со 12,23%, Супертрејд со 11,19%,* ***Макпетрол со 7,93%****, Дади оил со 6,38%, Пуцко Петрол со 6,20%, Јавор шпед со 5,44%, Детоил со 3,95%, Ли-Оил со 2,79%, Лукоил со 2,71%, додека останатите 15 трговци на големо со нафтени деривати имаат вкупен удел од 6,26%.*

*-Во вкупната продажба на нафтени деривати на домашниот пазар по трговци во 2022 година (во тони и %), во која се вклучени продажбите преку бензински станици и продажбите на крајни купувачи, најголем удел има Макпетрол со 27,85%, по што следува РКМ со 15,22%, Супертрејд со 10,88%, Лукоил со 9,27%, Дади Оил со 9,03%, Окта со 5,76%, Црна Река Петрол со 4,77%, Пуцко Петрол со 4,66%, Детоил со 3,41%, Јавор Шпед со 2,89%, Омпетрол со 1,39% и останатите 15 трговци на големо во вкупен удел од 4,89%.Годишен извештај за работењето на РКЕ во 2022 година.*

**7. Оценка на концентрацијата**

Врз основа на горенаведените информации, доставени од подносителот на известувањето во известувањето и дополните на истото, како и врз основа на податоците достапни на Комисијата, а имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за оценка на вертикални и конгломератни концентрации, нема да дојде до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имено и пред концентрацијата, Оилко најголем дел од превозот на нафта и нафтени деривати го вршел за Макпетрол (Во 2022 година покрај за Макпетрол остварил превоз на нафта и нафтени деривати и за Рафинерија Окта АД Скопје и тоа превезол 0.35% дизел и 1.54% течен нафтен гас – ТНГ за Рафинерија Окта АД Скопје од вкупно увезените количини на овие деривати).

Дополнително, Макпетрол не користел услуги за превоз на нафта и нафтени деривати од други субјекти освен од Оилко.

Согласно горенаведеното, Комисијата оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**